57990



СО ДОНАЦИЈАТА ОД ИТАЛИЈАНСКАТА ВЛАДА

# Санацијата на Музејот на современата уметност почнува во август

## Конечно ќе се создадат услови за да биде изложена трајната поставка на 5.000 уметнички дела, кои се чуваат во депото на Музејот

ВЕСНА ИВАНОВСКА



Додека трае поправката на Музејот, колекцијата ќе остане во депоата, каде што ќе биде заштитена

Санацијата на Музејот на современата уметност дефинитивно почнува во август, најавува Емил Алексиев, директор на Музејот. Санацијата ќе чини 350.000 евра, донација добиена преку Пактот за стабилност. Архитектонскиот проект за санација го подготвува фирмата „Мегарон“, која победила на тендерот што пред околу еден месец го распиша меѓународната менаџмент-група „ИМГ“. Истата фирма ги направи и идејниот проект и 3Д-анимацијата за санација на МСУ, кој беше промовиран пред две години. Архитектонскиот проект треба да биде готов во јуни, кога ИМГ ќе распише тендер за изведувач на градежните работи.

- „Мегарон“ имаат зад себе минат труд, претпоставувам дека тоа било причината зашто биле избрани да го изработат и архитектонскиот проект. Тоа беше надлежност на „ИМГ“. Тие ја водат целата постапка, преку нив одат и парите. Така е однапред договорено - вели Алексиев.

Заложба на МСУ била целиот проект да го реализира надлежна професионална фирма, имајќи го предвид изворот на парите. Според проектот, ќе биде изваден целиот покрив на Музејот, а на неговото место ќе биде поставен нов покрив, кој ќе биде идентичен на првиот покрив, поставен во 1970 година, кога бил изграден Музејот.

- Тоа е обврска. Покривот мора да биде идентичен со првиот, со мали корекции. Нема да биде саниран само покривот, туку ентериерно ќе бидат уредени дел од галериите. Тоа е многу важно, бидејќи конечно ќе бидат направени услови да изложиме трајна поставка на 5.000 уметнички дела што ги чуваме во депото. Тоа е крајната цел - објаснува Алексиев.

Според проектот, нема де се оспособува само меѓугалерискиот простор, туку ќе биде направена уште една галерија во Салата 1. Целосно ќе биде сменета електричната инсталација, а во галеријата наменета за трајната поставка, ќе бидат поставени ново осветлување и систем за регулирање на температурата. Алексиев вели дека МСУ ќе работи за време на градежните активности. Музејот е составен од три кубуса. Тие ќе бидат санирани еден по еден, така што дел од музејот ќе функционира нормално.

Додека трае поправката на Музејот, колекцијата ќе остане во депоата, каде што ќе биде заштитена. Според Алексиев, депоата немаат допир со оштетените делови од објектот - тие биле санирани во 2001 година. Сепак, донаторот ветил дека и таму може да се постави систем за регулирање на температурата.

- Ова не е прв обид да се санира покривот на Музејот, најголемиот проблем со кој се соочува институцијата. Ќе биде интересно оваа санација да се спореди со другите - да видиме со колку пари било направено, а колку ние ќе потрошиме за конечно да го средиме објектот. Од „ИМГ“ тврдат дека не само што ќе го санираме покривот туку ќе се интервенира и во ентериерот - вели Алексиев.

Според 3Д-анимацијата на архитектонското студио „Мегарон“, во внатрешноста на Музејот, во една од салите ќе биде поставена коса рампа, која ќе води до нова галерија - простор каде што во моментот е сместена инсталација, која не функционира. Идејата е да се искористи цел капацитет на објектот. Идејниот проект го изработија Предраг Андонов и Бујар Муча, Кирил Цеков е автор на 3Д-анимацијата, а графичкиот дизајн е на Билјана Петрова.

### За Музејот на современата уметност - 900.000 евра

Од вкупно 3 милиони евра, донација од италијанската влада, 2 милиона се наменети за култура, а милион евра за образование. Од парите за култура МСУ добива најмногу - 900.000 евра. Другите се наменети за трите најголеми археолошки локалитети во земјава - Скупи, Хераклеја и Стоби, за децентрализација и за Регионалниот центар за дигитализација на културното наследство во југоисточна Европа.

Парите за образование ќе ги добијат Колеџот за биотехнологија и исхрана, при Универзитетот во Тетово и за и Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, за формирање мултимедијален центар.